ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 08-579/2

**Дата:** 27.10.2016

**ДО**
**ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ**
**Булевар Јане Сандански 63/3**
**1000 Скопје**
**Г. Марјан Николов**

**ПРЕДМЕТ:** Известување

Почитуван г.Николов,

Согласно одредбите на Законот за државната ревизија („Службен весник на РМ" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015 и 27/2016), државната ревизија опфаќа: испитување на документите, исправите и извештаите, сметководствените и финансиските постапки, електронски податоци и информациони системи и други евиденции од аспект на тоа дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот на финансиските активности во согласност со прифатените сметководствени начела и сметководствени стандарди; испитување и оцена на извештаите на извршената интерна контрола и јавна внатрешна финансиска контрола, испитување и оцена на системот на финансискиот менаџмент и контрола испитување на финансиските трансакции кои претставуваат јавни расходи и јавни расходи во смисла на законско и наменско користење на средствата; давање оцена за користење на средствата од аспект на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Го примивме Вашето Барање број 0302-301/2016 од 18.10.2016 година, со кое барате Државниот завод за ревизија да изврши ревизија на субјектите/буџетските корисници Собрание на Република Македонија и Државна изборна комисија, при што Ве информираме за следното:

- Со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година утврден е обемот на извршување на работите на државната ревизија,
- согласно погоре наведената програма, во тек е ревизијата на финансиските извештаи на Собранието на Република Македонија за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност и
- Државната изборна комисија не е вклучена во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година и Вашето барање ќе го имаме предвид при изготвување на идните програмски активности.

Со почит,

**Главен државен ревизор**

**М-р Тања Таневска**

**Изработил:**
**м-р Цвета Ристовска,**
**помошник на главниот државен ревизор**